Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

# Извадок на дел од дневни настани 23.02.2020

На 22.02.2020 во 13.50 часот на подрачје на ПС Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Г.М.(24) од с.Ињево,радовишко, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2020 во 16.45 часот на подрачје на ПС Карпош, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.А.(27) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.02.2020 во 02.00 часот на подрачје на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ц.(20) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана, како и пиштол марка "Ekol" со рамка без муниција за истиот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2020 во 21.10 часот на ул. Вера Јоциќ, полициски службеници од СВР Скопје лишиле од слобода 16 годишен малолетник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2020 околу 21.40 часот во близина на бензинска пумпа на автопат „Пријателство" во правец од ГП Табановце- Куманово полициски службеници од Полициска станица Сопот постапувајќи по претходно добиено известување го лишиле од слобода Б.Д.(29) од Скопје кој управувал товарно моторно возило "Ман" со струмички регистарски ознаки поради постоење основи на сомнение дека со возилото превезувал мигранти. По превземените активности полициски службеници во реонот на с.Ваксинце пронашле 43 мигранти од Бангладеш коишто биле превезувани во возилото. Лицата –мигранти се сместени во Транзитен центар Табановце, а пријавениот е предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 23.02.2020 во 01.00 часот пред маркет на бул.„Гоце Делчев" во Прилеп полициски службеници од Полициска станица Прилеп при вршење на работни задачи од областа на сообраќајот го лишиле од слобода З.К.(36) од Прилеп кој управувал патничко моторно возило „Алфа ромео" со прилепски регистарски ознаки, бидејќи истиот одбил да се легитимира, упатувал закани и физички нападнал еден од полициските службеници. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2020 во 04,20 часот на автобуска постојка во населба "11-ти Октомври" полициски службеници од Полициска станица Кисела Вода ги лишиле од слобода С.Т.(24), А.К.(18), Ф.В.(18) и Н.М.(21) сите од Скопје бидејќи физички го нападнале Д.Б(44) од с.Студеничани, скопско вработен како чувар на објект во изградба, нанесувајќи му тешки телесни повреди, бидејќи истиот во 02,40 часот ги пријавил дека го нарушуваат јавниот ред и мир. Д.Б. бил пренесен во Комплекс клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.02.2020 во 07,50 часот на Граничен премин "Меѓународен Аеродром" Скопје бил лишен од слобода С.В(40) од Битола бидејќи по извршена проверка било констатирано дека евидира во „стоп листа" со мерка „апси" издадена од СВР Битола. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Гази Баба за спроведување до Казнено поправен дом„Идризово".

На 22.02.2020 во 17.00 часот на крстосница од ул.„Партизанска" и ул.„Борис Крајгер" во Штип се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Рено меган" со штипски регистарски ознаки управувано од С.С.(70) од Штип и патничко моторно возило „Фиат пунто гранде" со штипски регистарски ознаки управувано од Б.К.(34) од Штип. По незгодата возачот и сопатникот Б.С.(66) од Штип во патничкото моторно возило „Рено меган" со возило на итна медицинска помош биле пренесени во Клиничка болница Штип, каде од доктор им биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Штип.

На 22.02.2020 околу 19,00 часот во близина на бензинска пумпа на регионален пат Македонски Брод-Кичево се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило„Југо" со кичевски регистарски ознаки управувано од Т.Т.(59) од Македонски Брод и патничко моторно возило„БМВ" со кичевски регистарски ознаки управувано од Н.Н.(19) од с.Челопеци, кичевско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил сопстникот од патничко моторно возило „Југо" М.Т.(62) од Македонски Брод кој со возило на итна медицинска помош е пренесен во Медицински центар Прилеп за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициска станица Кичево.

На 22.02.2020 во 22.30 часот на крстосница од бул.Браќа Ѓиноски и ул.Никола Парапунов во Гостивар се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Пежо" со гостиварски регистарски ознаки управувано без возачка дозвола од Б.Х.(18) од Гостивар и патничко моторно возило „Ауди" со гостиварски регистарски ознаки управувано од А.Б.(38) од Гостивар. По незгодата лицата се пренесени во Медицински центар Гостивар каде на Б.Х. му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициска станица Гостивар.

Одделението за безбедност на сообраќајот при Секторот за внатрешни работи Тетово на 22/23.02.2020 во времето од 22,00 до 04,00 часот спроведе акциска контрола за откривање на возачи кои управувале со возило под дејство на алкохол на подрачјето на СВР Тетово.Притоа санкционирани се 15 возачи кај кои било утврдено присуство на алкохол.

На 23.02.2020, околу 10.00 часот во с.Романовце,кумановско во куќа сопственост на Ш.А. при експлозија на плинска боца настанал пожар во кој три малолетни лица на возраст од 8, 9 и 11 години починале на местото на настанот, а шест лица се пренесени во Општа болница Куманово каде им се констатирани тешки телсени повреди но поради сериозноста на повредите истите се префрлени во Комплекс клиники„Мајка Тереза". Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Куманово. Известен е јавен обвинител и увидна екипа од СВР Куманово е упатена на местотот на настанот со цел утврдување на причините кои довеле до несреќата.

На 22.02.2020 во 14.25 часот во СВР Скопје, С.Б.(42) од Скопје, пријавил дека околу 14.00 часот во куќа на ул. „Ѓорѓи Капчев" сопственост на З.П. бил физички нападнат и со закана со огнено оружје му било извршено разбојништво од пет до шест непзонати лица при што му биле одземени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 04.30 часот во СВР Скопје, И.С.(19) од с.Никиштане,скопско пријавил дека на 22.02.2020 околу 23,50 часот кај место викано „Чаирчанка" на ул.„Цветан Димов" поради нерасчистени должничко доверителни односи и претходна расправија пријавителот и Љ.Е, Р.С. и А.А. биле физички нападнати од Б.Ј, Е.Н и уште едно непознато лице кои што во нападот употребиле нож, секира и копач. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 04.35 часот во СВР Скопје, Џ.Ф.(34) од Шпанија, пријавил дека околу 03.35 часот во угостителски објект на ул. „Димитрие Чуповски" бил физички нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 01,30 часот пво СВР Скопје било пријавено дека пред угостителски објект на ул.„Димитрие Чуповски" Б.Ф.(23), А.Ч.(23), Л.Б.(30) и М.Ч.(24) сите од Скопје поради претходно недоразбирање физички ги нападнале Ф.П.(20) М.П.(22) двајцата од с.Бразда,скопско, А.С.(21) од с. Шишево,скопско, С.Ј.(20) од Скопје и Б.Р.(18) од с.Батинци,скопско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2020 во 01,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.1 во с.Јурумлери,скопско настанал пожар при што делумно било опожарено патничко моторно возило „Мини купер" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Д.Т.(24) од с.Јурумлери. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица од Скопје. Увид на местото на настанот ќе биде извршен во текот на денот.

На 22.02.2020 во 19.00 часот во Полициско одделение Сарај, К.Б.(29) од с.Визбегово,скопско пријавил дека околу 14.40 часот во куќа на ул.1 во с.Лубин сопственост на М.Н. поради нерасчистени должничко доверителни односи бил физички нападнат со железна шипка од пријавениот и уште 5 непознати лица, при што му биле одземени мобилен телефон и пари. Сочинети се записници за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 23.02.2020 околу 02.32 час во СВР Скопје, Л.П.(25) од Скопје пријавил дека околу 01.50 час во угостителски објект на бул.Партизански Одреди поради претходно недоразбирање бил физички нападнат од две непознати лица.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.02.2020 во 23.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека кај аптека на ул. Партизански Одреди дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.К.(59) и К.К.(33) двајцата од Скопје од една страна и В.А.(39) од Скопје од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.02.2020 околу 11,30 часот во СВР Скопје, Б.Е.(38) од Скопје пријавил дека на 21.02.2020 околу 08,00 часот од нивниот дом се одалечила во непознат правец неговата сопруга Б.А.(29) од Скопје .Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет